жија своите знаења, ги пополнија празнините по мошне актуелни прашања поставени со наставната програма.

На семинарот беа поставени многубројни прашања на кои одговараа референтите и по кои се водеше интересна дискусија.

Оценката на семинарот беше дека во целина успеал. Од присуството на преку 100 семинаристи можеме да бидеме релативно задоволни. Некои наставници не биле известени (затаила управата на училиштата да ги извести), а некои објективно биле спречени да присуствуваат, затоа што биле зафатени во училиштето со распределба на часови и испити на почетокот од учебната година. Меѓутоа, има и примери на потценување работата на семинарот од некои наставници кои не се погрижиле да присуствуваат, со што ја пропуштиле можноста да чујат образложение за клучни прашања од најновата историја. Треба да се знае дека стручното усовршување на наставниците не е доброволна работа!

Од организаторите беше побарано да ги умножат материјалите и да ги доставаат до слушателите за да им послужат во наставниот процес.

Д. Л.

**III Југословенски Симпозиум за наставата по историја. Охрид, 4 и 5. IX. 1974 год.**

## НАУЧНА, ПЕДАГОШКА И ИДЕЈНА КОМПОНЕНТА НА УЧЕБНИКОТ ПО ИСТОРИЈА

Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија и Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија, во соработка со републичките заводи за школство, а посебно со Републичкиот завод за образование и воспитание на СРМ, на 4 и 5 септември, во Охрид, го организираа III Југословенски симпозиум за наставата по историја, на тема: **Учебникот по историја од научна, педагошка и идејна компонента** и **Негување на духот на заедништвото на народите и народностите на Југославија.** На симпозиумот присуствуваа преку 300 историчари од Југославија. Работата на Симпозиумот ја следеше и Љупчо Копровски, републички секретар за образование и наука, а го поздрави д-р Бранко Вранешевиќ, претседател на Друштвото на историчарите на СФРЈ.

### Задачи на симпозиумот

Симпозиумот имаше задача да ги анализира учебниците по историја што се употребуваат во нашите училишта, да ја разгледа нивната структура, концепција, техничка опрема; да оцени како се употребуваат во наставата по историја. А референтите имаа посебна задача да покажат како и колку учебниците со својата содржина им помогнуваат на учениците за подобро да се запознаат со минатото на својот народ, минатото на народите и народностите во Југославија и со крупните историски настани и процеси во светот. Целта беше да се оцени

каква е марксистичката ориентација на нашите учебници по историја, колку им помогнуваат на учениците критички да мислат, да го оценуваат минатото и сегашнината. Посебно се бараше во учебниците по историја да се оцени интерпретацијата на содржините од НОБ и револуцијата и содржините од современата историја.

Дел од рефератите имаа посебна задача да оценат како се учебниците дидактички обликувани, колку се прилагодени на возраста на учениците и колку помогнуваат за самостојна работа.

Општо речено, требаше да се пренесат искуствата од изготвувањето и користењето на учебниците и да се покаже какви учебници по историја му се потребни на нашето училиште.

### Тематика и структура на симпозиумот

Симпозиумот работеше по следнава програма: д-р Александар Христов, професор на Правниот факултет во Скопје, **Триесет години на АСНОМ и неговото значење;** д-р Владо Картов, професор на ПА Скопје, **Некои споредбени методолошко-концепциски аспекти на паралелните учебници по историја во основните училишта и гимназиите во СФРЈ;** Благота Драшковиќ, уредник на „Школска књига", од Загреб, **Дидактичко обликување на современиот учебник по историја;** Јован Јовановиќ, професор од Нови Сад, **Прилагодување на учебникот на возраста на ученикот;** Дамјан Лепчески, самостоен педагошки советник, **Ефикасноста на работата со учебниците во развивањето на историското мислење;** Милутин Перовиќ и Новица Бојовиќ, просветни советници од Белград, **Марксистичкото насочување на учебниците по историја;** Олга Салцер, професор од Загреб, **Местото и функцијата на работниот учебник по историја во процесот на современата школска настава и учење;** Раде Дамјановиќ и Стеван Игниќ, професори од Белград, **Местото и улогата на НОБ и современите настани во учебниците по историја;** д-р Војо Кушевски, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, **Некои прашања на историјата на нашите народи во учебниците по историја;** Петар Пекариќ, професор од Нови Сад, **Учебниците и вонучебничката литература по историја и застапеноста на идејата за заедничкото кај народите и народностите на СФРЈ;** Новица Лекиќ, просветен советник од Приштина, **НОВ и современата историја како најзначајни компоненти во негувањето на духот на заедништвото на народите и народностите на СФРЈ.**

Во уводниот дел на симпозиумот, д-р Александар Христов, мошне аргументирано и интересно зборуваше за предусловите за свикувањето на АСНОМ, ги образлагаше одлуките и значењето на Заседанието. Тој посебно се задржа на Одлуката за создавање слободна македонска држава во рамките на Федеративна Југославија и на значењето на создавањето на македонската слободна држава.

Во работниот дел на Симпозиумот прв настапи Владо Картов. Тој, меѓу другото, рече дека еволуцијата на учебниците кај нас отишла доста напред. Подвлече дека во постојните учебници по историја се присутни доста разнообразија во однос на структу-

рата на учебничкиот материјал. Тие разнообразија, рече тој, доаѓаат до израз меѓу општата историја и историјата на народите на Југославија, меѓу одделни национални истории на народите и народностите на СФРЈ и застапеноста и третманот на најновата историја на Социјалистичка Југославија и современиот свет.

Владо Картов забележа дека материјалот од најновата историја во постојните учебници е различно интерпретиран, а недостасува материјал од историското и културното минато на народностите што живеат во Југославија. Тој се заложи за поадекватно застапување на новата историја во учебниците по историја што се употребуваат во основните училишта.

Другарите Благоја Драшковиќ, Дамјан Лепчески и Олга Салцер имаа мошне допирни точки во своите реферати. Тие зборуваа за потребата од современо обликуван учебник. За ефикасното користење на учебникот во наставата по историја. Се заложија за учебник што ќе помогне учениците да се оспособат не само да ги добиваат знаењата, туку и критички да мислат, да ги оценуваат историските настани, да ги проценуваат и уочуваат причинско-последичните врски. Се побара учебниците да бидат така концептирани и користени за да се осигури ефикасно усвојување на знаењата, сфаќање на законитостите во развитокот на општеството.

Милутин Перовиќ и Новица Бојовиќ во својот реферат се задржаа на марксистичката насоченост на учебниците по историја. Во нивното излагање е истакната мислата дека е историјата предмет која треба најмногу да придонесе за марксистичкото образование и воспитание. Меѓутоа, тие подвлекоа дека за авторите што пишуваат учебници по историја недостасува организирана помош од општеството.

Д-р Војо Кушевски образлагаше за нееднаквиот третман во учебниците на историските настани што се од заеднички интерес за народите и народностите во Југославија, во учебниците по историја. Тој со аргументи подвлече дека во учебниците по историја недостасуваат клучни содржини од минатото на одделни наши народи и народности и предложи да се соработува за да се отстранат тие и слични недостатоци во учебниците по историја.

Раде Дамјановиќ и Стева Игнеиќ говореа за местото и улогата на НОБ и современата историја во учебниците по историја. Тие посебно подвлекоа дека дел од учебниците по историја сè повеќе се свртени кон новата и револуционерна историја, што е, според нивното мислење, исправно.

Во вториот дел од Симпозиумот настапија Петар Пекариќ и Новица Лекиќ. Тие се застапија за целосна афирмација на идејата за заедништво на народите и народностите во Југославија и за отфрлање на негативните тенденции во наставните процеси и учебниците по историја што се спротивни на позитивните настојувања за братство и единство на народите на Југославија. Новица Лекиќ посебно се задржа на можностите што ги дава поновата историја за братство и единство на народите и народностите на СФРЈ. Двајцата автори изложија позитивни примери за негување

на заедништвото преку наставата по историја во САП Војводина и САП Косово.

### Оценки и заклучоци за Симпозиумот

Рефератите поднесени на Симпозиумот беа богати со мисли, согледувања и предлози за методолошко-концепциски и идејни основи на учебниците. Дискусијата не беше многу богата со оглед на кусото време. Се чини дека времето определено за работа на Симпозиумот беше одговарено со работа.

Симпозиумот ги донесе следниве заклучоци:

На Симпозиумот е утврден виден напредок на учебникарската и прирачната литература за наставата по историја. Меѓутоа, утврдени се и разликите во видовите учебници по историја, нивната структура, концепција и техничка опрема во одделни републики и покраини. Разликите, исто така, се видливи и во распоредот на материјалот по време, периодизација, во однос на општата и национална историја, како и во односот на историјата на одделни наши народи и народности. Затоа е неопходно потребно разликите да се намалат и да се сведат на прифатлива мера и позитивните решенија од одделни средини побргу и посмело да се пренесуваат во останатите делови на нашата Југословенска заедница.

— начелото за подобро запознавање со минатото на сопствениот народ, не би требало да се претвори во затварање во сопствените републички или покраински граници. Учебниците по историја во одделни републики треба примерно да ги запознаат учениците со историскиот развиток на другите југословенски народи. Учениците мораат да сфатат дека историјата на нивниот народ не се одвивала одвоено и изолирано од другите југословенски народи и народности или од другите народи воопшто. Следењето на меѓусебните врски и влијанија, согледувањата на разликите и сличностите од развојот мораат да бидат засновани врз научните резултати.

— марксистичката ориентација на нашите учебници по историја, никогаш не доаѓала во прашање, затоа што таа произлегува од социјалистичкиот самоуправен карактер на нашето општество. Сепак, не може да се тврди дека во тој поглед немало и оти нема извесни слабости. Меѓутоа, критиката на тие слабости често била недоволна и еднострана. Затоа треба организирано и научно да се настапува и да продолжи унапредувањето на идејната ориентација на учебникарската литература со отстранување од неа на остатоците од позитивизмот, традиционализмот и националната романтика. Во учебниците по историја посебно треба да се отстрануваат догматските шаблони, вулгарно-економистичките интерпретации и социологизацијата. Наставата по историја треба да ги оспособи учениците не само да добиваат историски знаења, туку и критички да мислат, да ги оценуваат историските настани и процеси и да ги уочуваат причинско-последичните врски. Затоа, и учениците по историја мораат содржински да бидат така концептирани и така технички опремени за да се осигури максимална ефикасност за сфаќањето на историските законитости.

— во учебниците по историја треба да се посвети посебно внимание при обработката на народната револуција и современите настани. НОВ, народната револуција и современата историја даваат големи можности за развивање на духот на заедништвото на нашите народи. Револуционерното минато на сите наши народи и народности треба во учебниците што поадекватно да им се приближи на учениците, така што сите етнички вредности на нашата револуција да станат патоказ и извор на морална сила на младите поколенија.

— дидактичкото обликување на современиот учебник по историја мора да биде во согласност со резултатите на педагошката наука, со современите процеси на наставата и со потребите на нашето самоуправно општество. Искуствата од работата со работните учебници во некои наши републики во тој поглед покажува видни резултати. Затоа во наредниот период треба што повеќе во нашата практика да најдуваат место работните учебници.

— „Настава по историја“, со своите стручно методски прилози придонесува за унапредување на наставната практика. Бидејќи е списанието од сојузно значење и претставува неопходна помош за наставниците, треба да им се препорача на наставниците да се претплатат на списанието.

— Симпозиумот едногласно го усвои предлогот на претставниците на СР Хрватска, Четвртиот Симпозиум на наставата по историја да се одржи во СР Хрватска, на тема: а) **Марксистичкото образование и воспитание во наставата по историја“** и б) **„Наставните средства и технологијата во наставата по историја“.**

— решено е материјалите од Симпозиумот да се печатат во списанието „Настава по историја“.

**Д. Л.**

## ТРЕТИОТ МЕЃУНАРОДЕН КОНГРЕС ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
### Букурешт, 1974 година

По конгресите во Софија (1966) и Атина (1970), Третиот меѓународен конгрес за Југоисточна Европа се одржа меѓу 4 и 10 септември 1974 година во Букурешт, главен град на Социјалистичка Република Романија. Интересот за Третиот балканолошки конгрес беше голем, не само кај историскиот свет, туку по различната тематика што ја опфаќаше (историја, литература, етнографија, лингвистика и право) даде можност овој европски регион да биде претставен и истовремено анализиран од историска, етнографска, лингвистичка и правна гледна точка. Самото големо учество на културни претставници (историчари, лингвисти, етнографи) го потврдува значењето и улогата што ја имаше Источна Европа и ја има во развитокот на европската и светската цивилизација. И домаќините го дадоа соодветното внимание. Работата на Конгресот се одвиваше под високото покровителство на претседателот на Државниот Совет на СР Романија и прв секретар на Романската Комунистичка Партија, Николае Чаушеску. Присутни биле господин